Вкж2.бр.3/2016

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од Претседателот на Судот Јово Вангеловски - Претседател на советот и судиите: д-р Џемали Саити, м-р Фаик Арслани, Шпенд Деваја и Рахилка Стојковска - членови на советот, со судски советник Соња Строимановска - записничар, како кривичен третостепен суд постапувајќи по кривичниот предмет против обвинетите А.Д., А.И., А.И.1, С.Р., Ф.А. и С.Љ. од С., за кривично дело – “Тероризам“ од член 394-б став 1 во врска со член 22 од Кривичниот законик и обвинетиот Х.А., за кривично дело – “Тероризам“ од член 394-б став 1 во врска со член 24 од Кривичниот законик, по објавување на пресудата, по службена должност, согласно член 376 став 5 од Законот за кривичната постапка - основен текст, во врска со член 189 став 1 точка 1 и 2 од Законот за кривичната постапка ("Службен весник на РМ" бр.15/05 од 07.03.2005 година - пречистен текст), на ден 01.12.2017 година, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

ПРЕМА ОБВИНЕТИТЕ:

1. А.И.1 викан Г. со ЕМБГ ……, од татко И., мајка Б., роден на …….. година, живее во С., нас.С. на ул…….. бр……, А., нема државјанство;

2. Ф.А., со ЕМБГ …….. од татко А., мајка А., роден …… година во Б., каде по лична карта живее, а инаку живее во С. на бул…… бр……, албанец, државјанин на РМ и на Р.К.;

3. Х.А. со ЕМБГ …… од татко С., мајка Ф., роден ….. година во С., каде и живее на бул……. број ……, А., државјанин на Р.М. и Р.К.;

4. С.Љ. со ЕМБГ ……., од татко Р., мајка И., роден ……. година во С., каде и живее на улица …….. број ….., А., државјанин на Р.М..

I

СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ ДРУГИ ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ, со кои се обезбедува присуство на обвинетите и тоа:

1. Забрана за напуштање на живеалиштето, односно престојувалиштето, при што на обвинетите им се забранува да ја напуштаат територијата на град С.. Оваа мерка ќе ја извршува Министерството, СВР С..

2. Обвинетите повремено да се јавуваат на службено лице кое ќе го определи Основниот суд Скопје I Скопје и тоа за секој работен вторник и петок во период помеѓу 12,00 и 14,00 часот.

II

Обвинетите А.И.1, Ф.А., Х.А. и С.Љ., по приемот на решението ВЕДНАШ да се пуштат да се бранат од слобода.

О б р а з л о ж е н и е

Со пресуда на Врховниот суд на Република Македонија ВКЖ2.бр.3/2016 од 31.10.2017 година жалбите на обвинетиот Х.А. изјавена преку бранителот Асмир Алиспајиќ, адвокат од С., на обвинетите: А.Д., Ф.А. и Х.А., изјавена преку бранителот Георги Настевски, адвокат од С. и на обвинетите: А.Д., А.И., А.И.1, Ф.А. и С.Љ., изјавена преку бранителот Насер Рауфи, адвокат од С., се уважени, а пресудата на Основниот суд Скопје I Скопје КОК.бр. 80/12 и КОК.бр.88/13 од 30.06.2014 година под став I и пресудата на Апелациониот суд Скопје КОКЖ.бр.108/14 од 09.10.2015 година се укинати и предметот е вратен пред првостепениот суд на повторно судење и одлучување. Во останатиот дел, пресудата на Основниот суд Скопје I Скопје КОК.бр.80/12 и КОК.бр.88/13 од 30.06.2014 година под став II останува неизменета.

Со оглед дека пресудите се укинати, Врховниот суд на Република Македонија најде дека со други превентивни мерки ќе се обезбеди присуство на обвинетите во текот на постапката.

Поради тоа, судот одлучи овие обвинети да се пуштат на слобода веднаш, а им ги определи другите превентивни мерки со кои се обезбедува присуство на обвинетите и тоа:

1. Забрана за напуштање на живеалиштето, односно престојувалиштето, при што на обвинетите им се Забранува да ја напуштаат територијата на град С.. Оваа мерка ќе ја извршува Министерството, СВР С..

2. Обвинетите повремено да се јавуваат на службено лице кое ќе го определи Основниот суд Скопје I Скопје и тоа за секој работен вторник и петок во период помеѓу 12,00 и 14,00 часот.

Врз основа на погоре наведеното, следуваше Врховниот суд на Република Македонија да одлучи како во изреката на решението, а согласно член 376 став 5 - основен текст, во врска со член 189 став 1

точка 1 и 2 од Законот за кривичната постапка ("Службен весник на РМ" бр.15/05 од 07.03.2005 година - пречистен текст).

Решено во Врховниот суд на Република Македонија на ден 01.12.2017 година под Вкж2.бр.3/2016.

| Судски советник-записничар | Претседател на Судот-советот |
| --- | --- |
| Соња Строимановска с.р. | Јово Вангеловски с.р. |

За точноста на отправокот тврди: секретар